Спречување и борба против трговија со луѓе во Северна Македонија



# Џебен водич за откривање, прелиминарна идентификација и упатување на жртви на трговија со луѓе за трудови инспектори

Спречување и борба против трговија со луѓе во Северна Македонија

http://horizontal-facility-eu.coe.int

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

Спречување и борба
против трговија со луѓе
во Северна Македонија

# Џебен водич
# за откривање, прелиминарна идентификација и упатување на жртви на трговија со луѓе

## за трудови инспектори

(второ издание, 2019)

**© 2019 Совет на Европа.**
**Сите права се задржани.**
Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови. Ниту еден дел од публикацијата не смее да се преведува, репродуцира или пренесува, во кој било облик или со кое било средство, електронско (ЦД-ром, Интернет, итн.) или механичко, вклучително и фотокопирање, снимање или каков било систем за складирање или повлекување на податоци, без претходно писмено одобрение од Директоратот за комуникации (F-67075 Стразбург Цедекс или publishing@coe.int).

# Содржина:

**Вовед** ........ 7

**1. Улога на трудовите инспектори** ........ 7

**2. Дефиниција на трговијата со луѓе за трудова експлоатација** ........ 8

**3. Индикатори за идентификација на жртвите на трговија со луѓе** ........ 11

**4. Корисни прашања  кои треба да ги поставите** ........ 14

**5. Што треба да направите?** ........ 16

**Анекс 1.** Законска регулатива за трговија со луѓе

– Кривечен законик на РСМ ........ 20

**Анекс 2.** Надлежни тела и институции за борба против трговија со луѓе ........ 23



# Вовед

Овој џебен водич е алатка наменета за практична примена на трудовите инспектори во тек на секојдневната теренска работа, и има за цел да им помогне во откривање, прелиминарна идентификација и упатување на потенцијални жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација до надлежни институции. Понатаму, водичот дава јасни насоки кои чекори треба да се преземат, односно, што треба да прават трудовите инспектори кога ќе откријат потенцијална жртва на трговија со луѓе.
Џебниот водич содржи јасни и оперативни индикатори, и со нивна имплементација се очекува активно вклучување на трудовите инспектори и зголемување на откривањето на случаи, прелиминарна идентификација и упатувањето на жртвите на трговија со луѓе кои трудово се експлоатирани.
Целта е да се придонесе кон навремена, координирана помош на жртвите и прогон на сторителите, т.е вклучување на сите надлежни институции, а со тоа и зајакнување на меѓу-институционалната соработка на локално и национално ниво помеѓу засегнатите страни во борбата против трговијата со луѓе.

# 1. Улога на трудовите инспектори

Имајќи ја предвид клучната улога на трудовите инспектори во имплементирањето на законската регулатива од областа на работата и работните односи и на меѓународните стандарди за заштита на работниците, очевидно е дека тие имаат проактивна улога во намалувањето на трудовата експлоатација и укинувањето на робовскиот труд како резултат на трговија со луѓе на меѓународно, национално и регионално ниво, како и во пружање на ефективна помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе кои безмилосно се експлоатирани.
Постојат повеќе начини на кои трудовите инспектори може да дојдат во контакт со потенцијални жртви на трговија со луѓе со цел принудна работа, слугување и ропство. Најчесто тоа се случува во текот на инспекцискиот надзор врз одредени работни места во ризичните сектори како што се градежништво, земјоделие, угостителство и други сектори. Но, секогаш постои можност потенцијалната жртвата и сама да побара помош од трудовите инспектори. Исто така, може да се случи пријател или роднина

на потенцијалната жртва, или информиран граѓанин да контактира со Државниот инспекторатот за труд и да даде информација за потенцијален случај на трговија со луѓе, при што е потребна брза, и навремена прелиминарна идентификација и секако упатување до надлежните институции.

Иако џебниот водич се фокусира на трговијата со луѓе заради трудова експлоатација, за која се надлежни трудовите инспектори, сепак истите можат да детектираат и прелиминарно идентификуваат жртви на трговија со луѓе и од други форми на експлоатација (на пример, принудна сексуална експлоатација, питачење). Насоките и процедурите опишани во Делот 5 се применуваат за сите форми на експлоатација.

## 2. Дефиниција на кривичното дело трговија со луѓе со цел трудова експлоатација

Кривичен законик во член 418-а ја дефинира трговијата со луѓе на следниов начин[1]:

> „(1) Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуда или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотребување на својата положба или на состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лицето кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна бременост, незаконито посвојување или нему сличен однос, питачење или експлотација заради со закон забранети активности или недопуштено пресадување делови од човечкото тело, ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години...„

Трговија со луѓе за цел трудова експлоатација опфаќа: 1-активности: врбување (регрутирање), транспорт, купување, продавање, засолнување, прифаќање лица; 2-средства кои се применети: со примена на сила, измама, принуда или злоупотреба на моќ или ранливост; 3- цели: експлоатација на нивниот труд

[1] Анекс 1: Законска регулатива за трговија со луѓе – Кривечен законик на РСМ.

(работа за екстремно ниска плата или без плата, во екстремно лоши услови), ропство, домашно прислужништво, слугување.

***Главни елементи на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација***

| 1. АКТИВНОСТ | | 2. СРЕДСТВА | | 3. ЕКСПЛОАТАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| • Врбување<br>• Превезување<br>• Пренесување<br>• Купување<br>• Продавање<br>• Засолнување<br>• Прифаќање лица | | • Сила<br>• Закана или примена на сила<br>• Киднапирање<br>• Принуда<br>• Измама<br>• Изнудување<br>• Злоупотреба на моќ или ранливост | СО НАМЕРА ЗА | • Принудна работа, принудни услуги или слугување<br>• Ропство и практики слични на ропство |

Сите три елементи од дефиницијата мора да бидат присутни и взаемно поврзани за да се определи кривичното дело како трговија со луѓе (со исклучок кај деца, кога не е неопходно постоење на индикатори за средствата).

Во националното законодавство не постои дефиниција за принудна работа, но **Конвенцијата за принудна работа бр. 29 на МОТ ја дефинира принудната работа** како:

*„Секоја работа или услуга што е изнудена од некое лице под закана за казна за која лицето нема согласност и не се пријавило само и доброволно“.*

***Секоја работа или услуга***: опфаќа секаков вид работа, вработување или занимање, вклучително и домашна работа и слугување.

**Секое лице**: се однесува на возрасни лица, деца, државјани на сопствената држава, и странски државјани без разлика дали легално или илегално престојуваат во државата.

**Закана со казна**: се однесува на различни видови принуда, како што се уцена или закани, насилство, задржување на документите за идентификација, неисплатување на плати.

**Доброволно:** значи согласност да се заснова и слободно да се прекине работен однос.

Во случаи на трговија со луѓе заради трудова експлоатација, жртвата во почетокот често доброволно го прифаќа договорот за работен однос, но подоцна ја открива измамата и/или не е слободна да ја напушти работата. Според тоа, многу е важно да се запомни дека **ако работодавецот или лицето што го регрутирало применило измама или принуда, првично дадената согласност станува ирелевантна.**

# 3. Индикатори за идентификација на жртвите на трговија со луѓе

Индикаторите се користат како практичен водич за проценки што ги вршат одговорните службени лица[2] или организации[3] кои се среќаваат со жртви или со потенцијални жртви[4] на трговија со луѓе.

**Специфичните индикатори** се однесуваат на одредени видови трудова експлоатација на жртвите на трговија со луѓе:

***Принудна работа***

- Лица што извршуваат понижувачка или опасна работа без соодветна заштитна опрема,
- Лица контролирани на нивните работни места преку надзорни камери, заклучени и/или изолирани на локации без достапни средства за превоз,
- Немаат можност да се движат слободно, работат на изолирани локации,
- Работат поголем број часови или денови без пауза, без слободни денови, без право на боледување, надвор од пропишаното национално законодавство или можност да поднесат жалба,
- Се дисциплинираат преку казнување (физичко или финансиско),
- Личните документи им ги задржува работодавецот,
- Работодавецот ги нема потребните документи за нивното вработување,
- Лицата се измамени во поглед на законитоста на нивната работа,
- Работодавецот не е во можност да обезбеди евиденција за исплатените плати на работниците,
- Не постојат извештаи за здравјето и за безбедноста на работа,
- Има информации за повреда на законите за работните односи и за заштитата на работа,
- Евидентирани се хронични болести како резултат на принудната работа,
- Лицата работат под принуда, сметаат дека мора да работат против своја волја, исплашени се дека ќе биде откриен нивниот нерегулиран статус.

---

[2] Министерство за внатрешни работи –МВР-Национална единица за спречување криумчарење мигранти и трговија со луѓе и Министерство за труд и социјална политика - Национален механизам за упатување и центри за социјална работа.
[3] Трудовите инспектори и здруженијата и невладините организации идентификуваат потенцијалните жртви на трговија со луѓе.
[4] Потенцијална жртва на трговија со луѓе: лице што покажува знаци дека е жртва на трговија со луѓе, но не е формално идентификувана од надлежните органи или одбива формална идентификација.

***Принудно слугување на возрасни и деца во извршување домашни работи***

- Живеат во семејства во кои се експлоатирани,
- Ангажирани се да работат неадекватни работи,
- Јадат одделно од членовите на семејството,
- Јадат остатоци од храната,
- Немаат приватен простор и спијат на несоодветни места,
- Не излегуваат надвор сами и не комуницираат со околината,
- Тие се навредувани, малтретирани, контролирани, им се упатуваат закани и врз нив се применува насилство,
- Трпат физички повреди.

***Индикатори за деца[5] жртви на трговија со луѓе***

***Општи индикатори за идентификација на децата жртви на трговија со луѓе***

- Немаат контакт со родителите/старателите,
- Децата немаат документи за лична идентификација или имаат лажни документи,
- Патуваат сами без родители/старатели,
- Возрасните со кои живее детето ги поседуваат неговите документи и/или согласноста од нивните родители (старателска исправа),
- Лажат за својата возраст,
- Не одат на училиште,
- Занемарени се, никој не води грижа за нив, гладуваат и несоодветно се облечени,
- Немаат здравствена заштита,
- Се обидуваат да избегнат службени лица, изгледаат како да се плашат од нив,
- Изгледаат срамежливо, исплашено, уморно, збунето и покажуваат знаци на физичка и ментална злоупотреба,
- Покажуваат значајни промени во однесувањето кое не е во согласност со нивната возраст,
- Имаат модринки на различни делови од телото,
- Немаат пријатели и другарчиња,
- Немаат време за играње,
- Немаат слобода на движење,
- Живеат во супстандардни услови,

[5] Дете жртва на трговија со луѓе е лице на возраст под 18 години.

- Превозот до државата/регионот е платен од „други лица“, а тие мораат да го отплатат со работа,
- Немаат пари или имаат високи износи/суми пари,
- За нив постојат информации дека биле купени/продавани.

***Специфични индикатори за деца жртви на трговија со луѓе:***
***Принудна работа***

- Работат во земјоделие, на сточарски фарми/мали фарми за млечни производи, во домови, салони за масажа, ноќни клубови, ресторани, фабрики, погони, рудници, плантажи, итн.,
- Нивното движење е контролирано од други лица,
- Работат неадекватни работи за нивната возраст, во несоодветни услови, голем број часови, без паузи и слободно време, при што нивната работа не е усогласена со законот, имајќи ја предвид нивната возраст,
- Се дисциплинираат со помош на физичко/финансиско казнување, имаат ограничени оброци и движење,
- Покажуваат страв и вознемиреност, покорни се и/или исплашени,
- Им се закануваат дека ќе бидат пријавени во полиција.

# 4. Корисни прашања што треба да ги поставите

Во случаи на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација многу често самите жртви не се препознаваат или не се идентификуваат како жртви. На пример, би можело да се случи да побараат помош од трудовиот инспектор само за неисплатените плати. Според тоа, од клучно значење е трудовиот инспектор да ја земе предвид можноста за трудова експлоатација секогаш кога постојат одредени индикатори. Трудовиот инспектор може да направи прелиминарна идентификација на потенцијалната жртва на трговија со луѓе со помош на индикаторите наведени во делот 3 како и при разговор во кој ќе ги постави корисните прашањата кои се наведени подолу.

**Запомнете!**
**Илегалните мигранти можат да бидат жртви на трговија со луѓе и нивните случаи треба *задолжително* да се истражат пред нивната депортација.**

Кога разговарате со ***потенцијална*** жртва, не користете го работодавецот или надзорникот како преведувач. Ако со ***потенцијалната*** жртва не зборувате ист јазик, задолжително ***обезбедете*** професионален преведувач.

**Листа на корисни прашања кои може да ги поставите на работникот во текот на инспекцијата:**

- Дали има слобода да ја напушти својата работа?
- Дали очекува/мисли дека нешто лошо ќе се случи ако ја напушти работата?
- Дали некој го/ја повредил или злоупотребен физички, ментално или сексуално?
- Дали некој и/му се закануваl или на нивните семејства?
- Дали има кај себе пасош и лична карта?
- Колкава плата добива?
- Дали е тоа износот што му бил ветен/ договорен?
- Колку часови работи?
- Дали има банкарска сметка или кредитна/дебитна картичка на која добива плата?
- Дали ги користи лично или дали до нив има пристап работодавецот/ друго лице?
- Дали треба да плаќа дел од платата или дали постојат други трошоци

што му се одбиваат од платата или долг?

- Дали ја разбрал содржината на договорот за работа?
- Каде живее?
- Дали платил за да ја добие работата?

**Обезбедете дополнителни информации:**

- Дали има претходни поплаки против работодавецот?
- Дали е регулиран статусот на вработување на работникот/чката преку приватна агенција за вработување – односно дали договорот е потврден од служба што е надлежна за посредување при вработувањето?
- Дали работата што ја извршува работникот/чката е сезонска или привремена?
- Дали работникот/чката има сопствена евиденција/белешки за своето работно време? Ова е важна информација за да се спореди со информацијата на работодавецот.
- Ако постојат индикатори за тоа дека работниците спијат на работното место, пожелно е да се фотографираат просториите. Веројатно работодавецот ќе ги отстрани трагите откако ќе го напуштат работното место.

# 5. Што треба да направите?

**Пристап до потенцијалната жртва на трговија со луѓе во текот на инспекцискиот надзор**

Бидете внимателни, жртвите на трговија со луѓе се трауматизирани и под сериозна закана од трговците со луѓе, немаат доверба во вас и нема веднаш да соработуваат и да ви ја кажат вистината.
Додека разговарате со работниците (потенцијални жртви), почитувајте ги следниве принципи:

- Обезбедете им сигурност, безбедно и удобно место за разговорот,
- Обезбедете тајност,
- Почитувајте ја приватноста на потенцијалната жртва,
- Обезбедете согласност за разговорот,
- Известете ги за нивните права[6],
- Поставувајте прашања на чувствителен и рационален начин,
- Поставувајте отворени/затворени прашања (што, каде, кога),
- Ставете ги настрана сопствените предубедувања и предрасуди,
- Слушајте активно и отворено,
- Не ги повредувајте,
- Верувајте им и не судете им,
- Останете професионални,
- Внимавајте потенцијалната жртва да не се обвинува себеси за тоа што се случило,
- Побарајте ги објективните индикатори за принуда и измама што може да се искористат во постапката против работодавецот,
- Направете прелиминарна процена во однос на видот помош што ѝ е потребна на жртвата (лекарска, психолошка или правна помош, преведувач и др.) за да ги контактирате соодветните надлежни органи и водечки механизми.

---

[6] **Права на жртвата/потенцијална жртва**: заштита; добивање на информации во врска со состојбата во која се наоѓа, правата и обврските; безбедно сместување; физичка и психолошка помош; здравствена заштита; заштита од дискриминација; почитување на мислењата и ставовите; доверливост; заштита на идентитетот; преведувач и, секако, обезбедување на сите основни потреби (храна, вода, одмор). Родителот/старателот од Центарот за социјална работа мора да биде присутен во текот на разговорот со дете за да го штити неговиот најдобар интерес.

**Соберете податоци и потврдете ги индикаторите**

Според листата на индикатори, проценете кои индикатори може да се применат во соодветната ситуација и во текот на натамошниот инспекциски надзор. Обратете внимание на соодветната и точна проценка на овие индикатори.

Трудовиот инспектор[7] треба да обезбеди неопходни докази што ќе помогнат за соодветна квалификација и за донесување правилна одлука. Со цел да направи успешна инспекција и точна прелиминарна идентификација на потенцијална жртва на трговија со луѓе, трудовиот инспектор треба:

- Да ги идентификува сите лица што се присутни/затекнати во објектот каде се прави инспекцискиот надзор,
- Да го провери идентитетот на работниците и другите кои што се затекнати во текот на инспекцијата (член 11 од Законот за инспекција на трудот),
- Да побара документи за лична идентификација (лична карта, пасош) на лицата кои што се затекнати на работа кај работодавецот (член 11 од Законот за инспекција на трудот),
- Да спроведе доверлив разговор и да разговара со вработените и со сите други чии информации може да бидат употребени како доказ во постапката што следува по инспекцискиот надзор,
- Да изврши разговор со работодавецот,
- Ако постојат претходни информации за наводни случаи на трговија со луѓе, во текот на инспекцискиот надзор инспекторот треба да го користи методот на директно набљудување за да процени определена ситуација и со тоа да ги потврди добиените информации,
- Ако е неопходно, да побара асистенција од надлежен државен орган, на пример, од Министерството за внатрешни работи (член 11 од Законот за инспекција на трудот),
- Да ги собере неопходните податоци и информации преку преглед на деловни книги, регистри, договори и други акти на работодавецот (член 11 од Законот за инспекција на трудот),

[7] Во согласност со националното законодавство, инспекторот е обврзан да ги чува како службена тајна сите податоци што ги дознал при вршењето на надзорот, особено информациите што се однесуваат на личните податоци на работникот што поднел пријава, како и информацијата дека надзорот е извршен врз основа на пријава (член 15 од Законот за инспекција на трудот).

- Да ги провери општите и специјалните акти, датотеки и документи,
- Да побара од работодавецот да достави копии од неопходните документи и да побара документите кои што се на друг јазик да бидат доставени на македонски јазик, преведени од овластен судски преведувач (член 24(1)1 од Законот за инспекција на трудот),
- Да провери дали работодавецот соодветно ги чува сите документи и евиденцијата во областа на трудот (член 2 од Законот за евиденциите во областа на трудот).

***Споделете информации за потенцијални жртви на трговија со луѓе со:***

- **Вашите претпоставени**,
- **МВР** – Националната единица за сузбивање криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ) доколку постојат индикатори кои што го потврдуваат сомнежот дека некое лице е потенцијална жртва на трговија со луѓе (домашен/на или странски/а државјанин/ка) на: Телефон +3892314237
  Мобилен телефон +38970383896 (достапен 24/7)

- **Министерство за труд и социјална политика - Национален механизам за упатување (НМУ)** на жртви на трговија со луѓе: Мобилен телефонски број+38976456795 и +38975 311726
- **Мобилни тимови (МТ) за идентификување на ранливи категории лица, вклучително и жртви на трговија со луѓе**

За повеќе информации:
www.nacionalnakomisija.gov.mk
www.mtsp.gov.mk

# АНЕКС:

***Анекс 1 – Законска регулатива за трговија со луѓе – Кривичен законик на РСМ***

***Трговија со луѓе***

***Член 418-а***

(1) Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуда или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, **принудна работа или слугување, ропство**, присилни бракови, присилна бременост, незаконито посвојување или нему сличен однос, питачење или експлотација заради со закон забранета активност или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со казна затвор **најмалку четири години**.

(2) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од став 1 на овој член ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(3) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од лица за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(5) Согласноста на жртвата на трговија со луѓе заради намера за експлоатација предвидена во став 1, не се од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

**„(7) Нема да се казни жртвата на трговија со луѓе која била принудена да стори кривично или друго казниво дело додека била жртва, а кое е непосредно поврзано со нејзината положба на жртва.“**

(8) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото, се одземаат.

***Трговија со дете***

***Член 418-г***

(1) Тој што ќе подведе дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете или врбува, превезува, пренесува, купува, продава или нуди за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, **принудна работа или слугување**, питачење или експлоатација заради со закон забранета активност, **ропство,** присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете, недопуштено пресадување на делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку **осум години**.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана, со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, или делото е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку **десет години**.

(3) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од дете за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе, ќе се казни со затвор најмалку **осум години**.

(4) Корисникот на сексуални услуги од дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку **12 години.**

(5) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставовите 1 и 2, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(6) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(7) Согласноста на детето со дејствијата предвидени во став 1, не е од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.

8) **Нема да се казни дете– жртва на трговија со луѓе во случаите во кои законот предвидува казнување на дете, кога сторителот на кривичното дело го принудил да стори кривично дело, ако таквото негово постапување е непосредна последица на неговата положба на жртва.“**

(9) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(10) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат

***Анекс 2 – Надлежни тела и институции за борба против трговија со луѓе***

**Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција** (НК)

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (НК) е формирана 2001 година, а со неа претседава Национален координатор -Државен секретар при Министерството за внатрешни работи.

НК е меѓуресорско координативно тело одговорно за спроведување, координација, мониторинг и анализа на Владината политика за борба против ТЛ и илегална миграција. Националната комисија во 2016 година е проширена и вклучен е **Државниот трудов инспекторат.**[8]

Националната комисија има формирано 5 локални комисии за борба против трговија со луѓе во Гевгелија, Тетово, Битола, Велес и Прилеп. Во рамките на НК формирани се Секретаријат[9] и Подгрупа за борба против трговијата со деца[10].

НК за борбата против трговијата со луѓе изготвува годишен извештај, кој го доставува до Владата на Република Северна Македонија, во кој се нотира состојбата со трговијата со луѓе, се анализираат клучните измени во законските и подзаконските акти, укажувајќи на потребата од понатамошно унапредување на борбата против трговијата со луѓе.

**Национален известувач за борба против ТЛ и илегална миграција**

Национален известувач за борба против ТЛ и илегална миграција по одлука на Владата на Република Северна Македонија е назначен од страна на Народниот правобранител, во 2019 г. Тој треба да ги надгледува севкупните активности за борба против трговија со луѓе, да собира и анализира податоци, врши мониторинг и евалуација на спроведувањето на НАП[11] и дава предлози за подобрено сузбивање и борбата против трговијата со луѓе.

---

[8] Членови на Националната комисија се претставници на: МВР, МТСП, МНР, МП, МО, Министерство за здравство, Основен суд Скопје 1, Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, Државен инспекторат за труд и Агенција за вработување.

[9] Членови: МВР, МТСП-НМУ, Амбасада на САД во РСМ, Совет на Европа, ИЦМПД, ОБСЕ, ИОМ, УНХЦР, НВОа Млади правници, Отворена Порта, За срећно детство, Еднаков пристап и Семпер, Црвен крст на РСМ и Регионален центар МАРРИ.

[10] Членови: МТСП- НМУ, МВР, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Совет на Европа, ИЦМПД, Амбасада на САД, ГИЗ, НВО-а Отворена порта, За срећно детство, Еднаков пристап, ИОМ, ОБСЕ и Народниот правобранител, надворешен член – набљудувач.

[11] НАП - Национален акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во РСМ 2017-2020г.

**Национален механизам за упатување на жртвите на трговија со луѓе (НМУ) Министерство за труд и социјална политика**

Националниот механизам за упатување (НМУ) е одговорен за идентификација и неопходна поддршка на жртвите на ТЛ од 2009 година. НМУ во системот за социјална заштита ја опфаќа координативната канцеларија со 61 професионалец од 30 центри за социјална работа, како и еден претставник од ЈУ Заводот за социјални дејности. Координативната канцеларија на НМУ се наоѓа во Министерството за труд и социјална политика, Сектор за еднакви можности.

Професионалните кадри од НМУ во системот на социјална заштита тесно соработуваат со центрите за социјална заштита, МВР/НЕСКМТЛ, со релевантни претставници од НВО-а и други засегнати страни во процесот на упатување и обезбедување помош на жртвите на трговијата со луѓе. Покрај тоа, НМУ е одговорен за координирање на помош на потенцијални и идентификувани жртви на трговија со луѓе, ги надгледува случаите и помага во проследување на предметите до други државни партнери (пр. враќање, назначување на правен застапник или старател).

НМУ претставува институционализирана и оперативна рамка за зајакнување на способностите на РСМ во обезбедување на соодветна идентификација, помош и заштита, врз основа на меѓународни стандарди за човекови права, на сите жртви и потенцијални жртви на трговија со луѓе, без оглед на националност, етничка припадност, возраст и полот. Во оваа рамка за соработка, државните тела ги исполнуваат своите обврски за заштита и унапредување на човековите права и ги координираат своите активности во стратешко партнерство со граѓанското општество.

**Министерство за внатрешни работи (МВР)**

Во рамки на МВР функционира специјализирана Националната единица за спречување криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСТЛКМ). Таа е задолжена за реактивни и проактивни истраги, пронаоѓање и заштита на потенцијални жртви и идентификација на жртви на трговија со луѓе, испитување на жртвите, утврдување идентитет, превоз на жртвите до и од Прифатен центар за странци, и други локации, безбедност и заштита, вршење проценка на безбедносен ризик, обезбедување на докази и утврдување

на сторители на кривични дела и нивен кривичен прогон. Секако една од активности е и институционална поврзаност и вмрежување со сите задолжени субјекти за проблематика на ТЛ на локално и национално ниво, како и транспарентна соработка со НВО-а и меѓународни организации, како и меѓународна соработка.

**Мобилни тимови (МТ)**

Во согласност со препораките од евалуацијата на ГРЕТА за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за преземање акција против трговија со луѓе, формирани се 5 мобилни тимови во Скопје, Куманово, Битола, Тетово и Гевгелија. Тие имаат за цел да ја унапредат операционализацијата на НМУ на локално ниво.

МТ се вклучени во акција против трговија со луѓе во однос на промовирање на мулти-дисциплинарно постапување и проактивна улога во процесот на идентификација и постапување со потенцијалните жртви на трговија со луѓе. Преку нив се овозможува заедничко делување на Министерството за труд и социјална политика/Центрите за социјална работа и претставниците на Министерството за внатрешни работи/Секторите за внатрешни работи, согласно меморандумот за соработка склучен помеѓу двете институции на 23 јануари 2018 година.

Поддршка на работата на МТ даваат и претставници на здруженија/невладини организации согласно Решението за воспоставување на мобилни тимови за идентификација на ранливите категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе на Министерството за труд и социјална политика од 05 февруари 2018 година.

**Надлежност на МТ:**

- идентификување на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе,
- првично упатување и утврдување на идентитет,
- рана проценка на ризикот,
- идентификација на потенцијални жртви и жртва на трговија со луѓе,
- давање информации за можноста за вклучување на жртвата во програма за помош.

Добрата практика на МТ кои проактивно откриваат ранливи категории граѓани, вклучително и жртви на ТЛ, е нудење на услуги за реинтеграција. Забележена е можност за понатамошно интегрирање на МТ во системот на заштита на ризични групи на население. Во процес е усвојување на Програма за работа на МТ, каде е вградена и потребна документација за следење на случаи со што се очекува добро управување со предметите поврзани со ТЛ.[12]

**Јавно обвинителство**

Јавното обвинителство е клучен носител на кривично гонење на извршителите на кривичните дела трговија со луѓе, и го сочинуваат десет обвинители, кои во своја работа блиско соработуваат со НЕСКМТЛ и Канцеларија на НМУ. Во случаите кога жртви на ТЛ се деца, нивната соработка се одвива и со надлежен центар за социјална работа.

Кривичната истрага за ТЛ отпочнува по службена должност од страна на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Истрагата на сите случаи поврзани со ТЛ е доверена на специјализираната полициска НЕКМТЛ, која работи во тесна соработка со Одделот за финансиски криминал под водство на јавен обвинител.

**Основниот суд Скопје** 1

Овој суд останува единствен суд во Република Северна Македонија со надлежност во предметите на трговија со луѓе.

[12] Рокот до кој МТ ќе функционираат е 31.12.2019 со можност за продолжување.

Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје,
Деловен центар Соравија
Филип Втори Македонски, бр.3,
1000 Скопје
тел: +38923100 330

Вебсајт: http://horizontal-facility-eu.coe.int
E-mail: horizontal.facility@coe.int
@jp.horizontal.facility
@CoE_EU_HF

Овој џебен водич е изработен со заеднички средства од Европската Унија и Советот на Европа.
На ниеден начин не може да се смета дека гледиштата изразени во истиот го одразуваат мислењето на Советот на Европа или на Европската Унија.

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 47 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ за ТЕБЕ